**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-345
21.11 **2022 година**
**Скопје**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 64 став 1 од истиот Закон, точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 г., Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4066/1 од 02.11.2022 г. и Заклучокот арх.бр.02-4270/10 од 18.11.2022 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 42-та седница одржана на 18.11.2022 г., го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка - јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, заради извршена повреда на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 10-ти октомври 2022 г., искажувањето на аналитичарот од Бугарија, Владимир Владимиров во емисијата „Стадион", се емитуваше изворно на бугарски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик, како и изјавите на Северина помеѓу некои нејзини песни во рамките на Концертот на Северина во Загреб, се емитуваа изворно на хрватски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4066/1 од 02.11.2022 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

**Образложение**

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 64 став 1 од ЗАВМУ, радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 2-ри ноември 2022 г., изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, емитуван на 10-ти октомври 2022 г., при што констатираше прекршување на членот 64 став 1 од ЗАВМУ.

Со редовниот надзор е констатирано дека на 10-ти октомври 2022 г., ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, во рамките на својот телевизиски програмски сервис, искажувањето на аналитичарот од Бугарија, Владимир Владимиров во емисијата „Стадион", се емитуваше изворно на бугарски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик. Исто така, со надзорот е констатирано дека изјавите на Северина помеѓу некои нејзини песни во рамките на Концертот на Северина во Загреб, се емитуваа изворно на хрватски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4066/1 од 02.11.2022 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, на 04.11.2022 г., испрати Допис Уп1 бр.10-4066/2 од 04.11.2022 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4066/1 од 02.11.2022 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 04.11.2022 година. Во предвидениот рок, ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 18.11.2022 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 64 став 1 од истиот Закон, точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4066/1 од 02.11.2022 г. и Заклучокот арх.бр.02-4270/10 од 18.11.2022 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 18.11.2022 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес и му се наложува, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Решението, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4066/1 од 02.11.2022 година.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес;
- Одговорното лице на програмата во Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), се доставува:

Примено / Primuar: 02.11.2022
Орг. единица: 10 | Број: 4066 | Прилог: 1 | Вредност:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес

3. **Период опфатен со надзорот:** 10 октомври 2022 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 2 ноември 2022 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите)

- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на локално ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 6 часа програма на телевизија);

- **Член 92 став 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.)

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, емитуван на 10 октомври 2022 година, на локално ниво, **е констатирано прекршување на член 64 став 1 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница).

Со надзорот е констатирано дека на 10 октомври 2022 година, на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, искажувањето на аналитичарот од Бугарија, Владимир Владимиров во емисијата „Стадион", се емитуваше изворно на бугарски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик. Исто така, изјавите на Северина помеѓу некои нејзини песни во рамките на Концертот на Северина во Загреб, се емитуваа изворно на хрватски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик.

| Наслов | Период на емитување | | Опис |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| „Стадион" | 14:19:55 | 16:23:12 | Искажувањето на аналитичарот од Бугарија, Владимир Владимиров во емисијата „Стадион", се емитуваше изворно на бугарски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик. |
| „Концерт на Северина во Загреб" | 00:33:50 | 02:38:24 | Изјавите на Северина помеѓу некои нејзини песни во рамките на Концертот на Северина во Загреб, се емитуваа изворно на хрватски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик. |

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, на 10 октомври 2022 година, искажувањето на аналитичарот од Бугарија, Владимир Владимиров во емисијата „Стадион", се емитуваше изворно на бугарски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик. Исто така, изјавите на Северина помеѓу некои нејзини песни во рамките на Концертот на Северина во Загреб, се емитуваа изворно на хрватски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик.

**9. Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка - јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*